ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 45-5908/2
Датум: 19.07.2022
Скопје

Врз основа на член 35, став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Локална урбанистичка планска документација за изградба на магацин со придружни содржини, со намена Г4-Стоваришта, на КП 132/1, КО Бардовци, Општина Карпош.**

Јавната анкета по Локална урбанистичка планска документација за изградба на магацин со придружни содржини, со намена Г4-Стоваришта, на КП 132/1, КО Бардовци, Општина Карпош, ќе трае 6 работни дена, од 26.07.2022 до 03.08.2022 година, сметано од денот на објавувањето во Соопштението, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош, Скопје.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Општина Карпош на 03.08.2022 година, во 13.00 часот.

Предметниот плански опфат на урбанистичка планска документација за изградба на магацин со придружни содржини, со намена Г4-Стоваришта, на КП 132/1, КО Бардовци, Општина Карпош е со површина од 4697,08 м2.
Планскиот опфат на северната страна граничи со границата на КП 132/2, од источната и јужната страна граничи со границата на КП 132/3, а од западната страна граничи со постоен локален пат.

Анкетните листови за учество на Јавната анкета ќе бидат во просториите на Општина Карпош.

Соопштението за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по урбанистичка планска документација за изградба на магацин со придружни содржини, со намена Г4-Стоваришта, на КП 132/1, КО Бардовци, Општина Карпош, со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски